РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1980/3
16-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------------- ---------- од ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 – 4350 од 2019 година, оформен по пријава број 12 - 4350 /1 од 17.09.2019 година доставена од подносителот -------------- ---------- од ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4350 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-4350 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4350 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4350/1 од 17.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------------- ---------- од ---------.

Предметната пријава/известување е доставена/о од страна на подносителот во својство на акционер и се известува за незаконско работење на ДПУ ИНТЕКС АД Скопје и за незаконско одржано Годишно собрание на Друштвото без приложен даночен биланс, ревизорски извештај и присуство на ревизор. Станува збор за незаконско одржано Годишно собрание на ДПУ ИНТЕКС АД Скопје, каде во записникот од истото не било внесено укажувањето дадено од страна на подносителот во својство на акционер за тоа дека годишното собрание се одржувало незаконски односно, без приложен даночен биланс, ревизорски извештај и присуство на ревизор. Во прилог се доставува документација во врска со предметниот случај. (*дописи до нотар , ОЈО, иницијатива и известувања од ДКСК и сл.*)

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Основното јавно обвинителство за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на ДКСК доставено е бараното известување и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- во конкретниот случај, станува збор за седница на Годишно собрание на ДПУ ИНТЕКС АД Скопје, одржана на ден 20.05.2019 година, во врска со објавен Јавен повик бр. 03-48/1 од 12.04.2019 година со кој биле поканети сите акционери на друштвото односно нивните застапници да присуствуваат на седницата на собранието,

- подносителот на пријавата, во доставеното известување наведува дека од негова страна а во својство на акционер на наведеното АД, било укажано на Друштвото дека предметното годишно собрание не требало да се одржи без приложен даночен биланс, ревизорски извештај и присуство на ревизор,

-во врска со наведеното АД од страна на подносителот на пријавата, до ОЈО Скопје била поднесена кривична пријава на 22.01.2018 година и допис за дополнување од 08.05.2019 година, а до јавниот обвинител ------- ----------- од ОЈО Скопје, на ден 18.06.2019 год. била доставена и молба за негов прием во врска со поднесената кривична пријава,

-во прилог е доставен допис испратен до Нотар --- --------------, од 04.09.2019, во кој подносителот на пријавата го доставува предметниот записник и наведува дека станувало збор за изведен (фингиран) извештај и дека следи судска постапка, а истиот допис го препратил и до ОЈО Скопје во кое дописот бил архивиран со печат со датум од 06.09.2019 година,

- при извршени проверки дојдено е до сознанија дека ДКСК веќе има постапувано по предмет во врска со ИНТЕКС АД Скопје и до Јавното обвинителство на РМ и до ОЈОГОКК има поднесено Иницијатива за поведување на постапка за кривично гонење на раководни лица од ИНТЕКС АД Скопје, со број 12-154/3 од 01.06.2009 година , а на ден 09.07.2011 г. со допис бр. 07-164/3 го известила подносителот -------------- ----------- од ----------, истиот подносител, дека со поднесувањето на иницијативата надлежноста на ДКСК за постапување по конкретниот предмет е исцрпена, како и дека по поднесената иницијатива ОЈО ГОКК веќе постапувало и прибирало потребни известувања, податоци и документација во насока на утврдување на постоењето, односно непостоењето на основот на кривичното дело,

-подносителот се обратил до ДКСК и во 2016 година по однос на истите предметни наводи, а со известување број 12-284/5 од 27.06.2016 бил известен дека од страна на ДКСК било постапено по неговата пријава, биле прибрани информации и податоци од Управа за финансиска полиција и од Интекс АД, по што од страна на ДКСК било констатирано дека во предметниот случај постапил друг надлежен орган во РМ и било заклучено дека ДКСК нема елементи за натамошно постапување по овој предмет.

-На ден 17.06.2020 година, по барање на ДКСК, доставен е одговор од Основно јавно обвинителство Скопје со кое се известува дека до ова јавно обвинителство на ден 22.01.2018 година, била доставена кривична пријава од страна на пријавителот -------------- ---------- од --------против --------- ------------ и други, за сторено кривично дело - Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 в. в. со чл.22 од КЗ. Со оглед дека доказите биле доставени во фотокопија, согласно чл.87, чл.287 и чл.392 од ЗКП, било побарано истите да бидат доставени во оригинал и од страна на подносителот биле доставени, а по предметот се постапувало согласно Законот за кривична постапка.

Во меѓувреме, пријавителот ------- -------------- до Основното јавно обвинителство доставил два поднесоци од кои не можело да се види што конкретно бара и истиот барал прием во Обвинителството, по што му била испратена Покана за дополнување на поднесокот од 17.03.2020 година, која ја немал уредно примено, што е видливо од повратницата, каде било наведено дека е известен -не побарал. За овој чин, јавниот обвинител сметал дека пријавителот несериозно се однесувал кон Институцијата - Основно јавно обвинителство Скопје.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган – Основно јавно обвинителство Скопје, кој постапувал согласно Законот за кривична постапка по предмет оформен по кривична пријава доставена од истиот подносител и по кој постапката била се уште во тек. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 1980/3**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК